РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1560/3
22-07-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 50-та седница, одржана на ден 21 јули 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –3668/1 од 16.07.2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09 –3668/1 од 16.07.2019 година, бидејќи по наводите од пријавата е постапено по предмет 12-436/1 од 22.01.2020.

Предметот со број 09 –2827/1 од 23.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09 –3668/1 од 16.07.2019 година е оформен врз основа на претставка од Општина -------- со која се бара Државната комисија да покрене иницијатива за разрешување на следниве директори -------- - директор на СОУ ---------, ---------- – директор на СОМУ „----------,---------- директор на СОТУ ---------- и ---------- -директор на ОУ „---------- .

По однос на слични наводи, Државната комисија постапуваше по предмет со број 12-436/1 од 22.01.2020, за кој е донесена конечна одлука.

Во постапување по конкретниот предмет е констатирано дека Градоначалникот на Општина ----------- на ден 25.12 и 26.12.2019 година донел решенија со кои се --------- директор на СОУ -----------, ---------- – директор на СОМУ ---------- – -, ----------- – директор на СОТУ ----------- и ----------- -директор на ОУ ---------------, а во произнесување на Градоначалникот е утврдено дека откако на Решението за одземање надлежности од Министерство за образование и наука со бр. 08-2133/1 од 13.02.2019 година му истекла важноста за период од девет месеци, Градоначалникот на општина ------------ постапувајќи согласно своите надлежности утврдени со закон, утврдил неправилности во постапките за именување на директори кои биле сторени од Министерот за образование и наука, во време додека тој ги вршел надлежностите во име и за сметка на Градоначалникот на општина --------------, при што донел решенија огласување за ништовни на донесените решенија за именување на споменатите директори во неколку училишта во -----------.

Со вака утврдена фактичка состојба, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај е надмината состојбата која е изнесена во претставката бр. 09 –3668/1 од 16.07.2019 година, односно лицата за кои се бара разрешување не ги извршуваат споменатите функции.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
**Изработил: С.М, виш соработник**
**Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК**